***РАКОМЕТНА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА***

***С О Б Р А Н И Е***

# *П Р А В И Л Н И К*

# *ЗА РАКОМЕТНИ НАТПРЕВАРУВАЊА*

***СКОПЈЕ, 29.08. 2010 год.***

Врз основа на член 22 од Статутот на Ракометната федерација на Македонија, Собранието на Ракометната федерација на Македонија на својата редовна седница одржана на ден 29.08. 2010 година, донесе:

# ПРАВИЛНИК ЗА РАКОМЕТНИ НАТПРЕВАРУВАЊА
**со важност од натпреварувачка сезона 2010/2011 год.**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со Правилникот за ракометни натпреварувања (во понатамошниот текст Правилник) се утврдуваат основните одредби на системот на службените натпреварувања во ракометниот спорт и општите услови за натпреварувањето.

Под службени натпреварувања во смисла на овој Правилник се сметаат првенствените и Куп натпреварувања во машка и женска конкуренција кои се одржуваат секоја година на територијата на Република Македонија.

Член 2

Одредбите од овој Правилник задолжително се применуваат за сите степени на натпреварување.

Сите ракометни натпревари се играат по правилата на Меѓународната ракометна федерација ИХФ, а нивниот службен текст го објавува РФМ.

Член 3

Во организација на РФМ се организираат:

1. Меѓународни средби и натпревари;
2. Првенствени натпреварувања во сите степени;
3. Натпреварување за Куп на Република Македонија;
4. Младинско, кадетско и пионерско првенство.
5. Мини ракометна лига

Натпреварите од претходниот став ги спроведува соодветен орган на РФМ.

## II.СИСТЕМ НА НАТПРЕВАРУВАЊЕ

### 1. Редовен систем на натпреварување

Член 4

Редовното првенствено натпреварување во Република Македонија по степени ќе се одвива:

1. Супер лига во машка и женска конкуренција
2. Прва лига во машка и женска конкуренција
3. Втора лига во машка и женска конкуренција
4. Младинска лига во машка и женска конкуренција
5. Кадетска лига во машка и женска конкуренција
6. Пионерска лига во машка и женска конкуренција
7. Мини ракометна лига

Член 5

Системот на натпреварувањето од претходниот член го утврдува Собранието на РФМ со мнозинство на гласови со тоа што ќе се применува од натпреварувачка сезона 2010/2011 год.

Член 6

1. Во Супер ракометна лига во 2010/2011 год. ќе се натпреваруваат: 8 екипи во машка и 8 екипи во женска конкуренција.

2. Во Прва ракометна лига во 2010/2011 год. ќе се натпреваруват останатите екипи во машка и женска конкуренција. Машката и женската лига ќе брои онолку екипи колку ќе бидат пријавени, а за тоа прдлог дава конференција на клубовите на Првите лиги. Во колку се пријават поголем број машки и женски екипи, тогаш се формира Втора машка и женска ракометна лига.

3. Во Втора ракометна лига ќе се натпреваруваат останатите екипи во машка или женска конкуренција.

4. Во Младинска ракометна лига во редовен систем на натпреварување, задолжително ќе се натпреваруваат екипите кои се натпреваруваат во машка и женска конкуренција во супер лигите.

5. Во пионерските и кадетските ракометни лиги ќе се натпреваруваат и екипи составени од учесниците во Супер, Прва и Втора ракометна лига мажи и жени, како и ракометните школи кои имаат добиено согласност за вршење дејност спорт, која ја издава Агенција за млади и спорт на република Македонија.

## 2.Други форми на натпреварување

Член 7

Под други форми на натпреварување ќе се смета спроведување на Куп натпревари на територијата на Република Македонија за младинска, кадетска и пионерска конкуренција.

Член 8

Натпреварувањето на Куп на Македонија ќе се спроведува на предлог на Комисијата за спроведување Куп натпревари, а одлука за ова натпреварување донесува Управниот одбор на РФМ кој истовремено ја назначува Комисијата за спроведување на Куп натпревари.

Член 9

Освојувачот на Куп на Македонија ќе ја претставува Република Македонија во Купот на победници на Купови на ЕХФ. Во колку освојувачот истовремено е Шампион на Република Македонија, во Купот на победници на Купови на ЕХФ, Република Македонија ќе ја преставува само екипата која играла во финалето од Куп натпреварот на Република Македонија. Таа екипа нема право да се натпреварува во другите Европски купови, без разлика на пласманот во националното првенство.

Освојувачот на Купот на Македонија во младинските, кадетските и пионерските категории станувaат победници во куп натпреварувањето.

Член 10

Кадетското и пионерското првенство на Република Македонија надвор од редовниот систем на натпреварување ќе се игра по систем на натпреварување кој е утврден со Пропозиции за натпреварувањето кои ги донесува Управниот одбор на РФМ кој истовремено ја назначува Комисијата за спроведување на натпревари.

Член 11

Сите останати натпреварувања надвор од системот на редовно натпреварување ќе се играат во согласност со Пропозициите за натпреварување, на прдлог на клубовите, а кои ги утврдува Управниот одбор на РФМ за секое натпреварување поединечно и за кој Управниот одбор на РФМ ќе назначи соодветна комисија за спроведување на натпреварувањето.

## III ОПШТИ УСЛОВИ ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ

### 1.Систем на натпреварување

Член 12

Екипите во Супер машка и Супер женска ракометна лига во сезона 2010/2011 год. се натпреваруваат во циклус на натпревари и тоа:

**8 екипи во Супер лигите за жени:**

**1.** Натпревари по двокружен бод систем во есенскиот и пролетниот дел.
**2.** По завршувањето на првенството во натпреварувачката 2010/2011 год. супер лигата во женска конкуренција ја напуштаат 8-мо пласираните екипи, а 7-мо пласираната екипа игра еден бараж натпревар на неутрален терен со второ пласираната екипа од Првата лига.
**3.** Начинот на играње и пополнување прецизно се регулира во Пропозициите за Супер машка и женска ракометна лига.

**8 екипи во Супер лигите за мажи:**

**1.** Натпревари по двокружен бод систем во есенскиот и пролетниот дел.
**2.** По завршувањето на првенството во натпреварувачката 2010/2011 год. супер лигата во машка конкуренција 7-мо и 8-мо пласираната екипа игра еден бараж натпревар на неутрален терен со 3-то и 4-то пласираната екипа од Првата лига.
**3.** Начинот на играње и пополнување прецизно се регулира во Пропозициите за Супер машка и женска ракометна лига.

Екипите во Супер машка и Супер женска ракометна лига во сезона 2011/2012 год. се натпреваруваат во циклус на натпревари и тоа:

**8 екипи во Супер лигите за жени:**

**1.** Натпревари по двокружен бод систем во есенскиот и пролетниот дел.
**2.** По завршувањето на првенството во натпреварувачката 2010/2011 год. супер лигата во женска конкуренција ја напуштаат 8-мо пласираните екипи, а 7-мо пласираната екипа игра еден бараж натпревар на неутрален терен со второ пласираната екипа од Првата лига.
**3.** Начинот на играње и пополнување прецизно се регулира во Пропозициите за Супер машка и женска ракометна лига.

**10 екипи во Супер лигите за мажи:**

**1.** Натпревари по еднокружен или двокружен бод систем во есенскиот и пролетниот дел, и Плеј оф натпревари од 6 екипи, и Плеј аут од 4 екипи. 1-во и 2-ро пласираните екипи од сезона 2010/2011 учествуваат во Регионалната Југоисточна Европска лига. Преставници од Република Македонија во Регионалната Југоисточната Европска лига се 1-во и 2-ро пласираните екипи од Супер лигата за мажи, кои во Супер лиогата се приклучуваат во завршницата на натпреварите (во Плеј оф натпревари).

**2.** По завршувањето на првенството во натпреварувачката 2011/2012 год. супер лигата во машка конкуренција ја напушта 10-то пласираната екипа, а 9-то пласираната екипа игра еден бараж натпревар на неутрален терен со 2-ро пласираната екипа од Првата лига.
**3.** Начинот на играње и пополнување прецизно се регулира во Пропозициите за Супер машка и женска ракометна лига.

Во случај да не се формира, односно не профункционира регионалната машка лига, или во случај на престанок на функционирање на Регионалната Југоисточната Европска лига во некоја од следните сезони поради откажување на спонзорот на лигата, се задолжува Управниот одбор на РФМ да донесе Одлука за враќање на стариот ситем на натпревари (8 екипи во машка и 8 екипи во женска конкуренција) и се применува член 4 од Пропозициите за сезона 2009/2010.

Член 13

Екипите во Прва машка и Прва женска ракометна лига се натпреваруваат во еден циклус на натпревари во една единствена лига како во член 6 и тоа:

1. Натпревари по еднокружен или двокружен бод систем во есенскиот и пролетниот дел.

**2.** По завршувањето на првенството во натпреварувачката 2010/2011 год. Од првата лига во женска конкуренција, 1-во пласираната екипа, влегува во Супер женската ракометна лига, а 2-ро пласираната екипа игра бараж натпревар со 7-мо пласираната екипа од Супер женската лига, а лигата ја напуштаат последнопласираните екипи под услов ако се формира Втора женска лига од минимум 6 екипи. Во спротивно нема да има испаѓање од Првата лига.

**3.** По завршувањето на првенството во натпреварувачката 2010/2011 год. Од првата лига во машка конкуренција, 1-во и 2-ро пласираните екипи, влегуваат во Супер машката ракометна лига, а 3-то и 4-то пласираните екипи играат бараж натпревар со 7-мо и 8-мо пласираните екипи од Супер машката лига, а лигата ја напуштаат последнопласираните екипи под услов ако се формира Втора машка лига од минимум 6 екипи. Во спротивно нема да има испаѓање од Првата лига.

**4.** Начинот на играње и пополнување прецизно се регулира во Пропозициите за Прва машка и женска ракометна лига, а за следните сезони клубовите ќе се придржуваат на Пропозициите за секоја сезона посебно кој ги усвојува УО на РФМ.

Член 14

Екипите во Втора машка или женска ракометна лига се натпреваруваат во еднокружен или двокружен бод систем во есенскиот дел и во еднокружен или двокружен бод систем во пролетниот дел, во зависност од бројот на пријавените екипите.

Член 15

Младинските екипи од супер лигите во машка и во женска конкуренција се натпреваруваат во еднокружен или двокружен бод систем во есенскиот и еднокружен бод систем во пролетниот дел. (согласно предлогот на клубовите, и одлуката на УО на РФМ).

**2.Утврдување на редослед ( пласман )**

Член 16

Пласманот на екипите се одредува според бројот на освоените бодови во текот на натпреварувањето со тоа што клубот за победа добива 3 бода, за нерешено 1 бод и за изгубен натпревар 0 бод.

Доколку две или повеќе екипи имаат освоено ист број на бодови се употребува следниот систем на одредување на пласманот на табелата:

- Се одредува збирот на бодови од меѓусебните натпревари. Подобро пласирана е екипата која има поголем број на бодови.

- Во случај на ист број на бодови подобро пласирана е онаа екипа:

I. Се пристапува кон составување на Мини табела од екипите кои освоиле еднаков број на бодови во официјалната табела. Мини табела се составува за две или повеќе екипи. Во тој случај се постапува на следниот начин:

1. Се земаат екипите со ист број освоени бодови во конечната табела и од нив се составува нова Мини табела:

а) Се одредува збирот на освоените бодови од меѓусебните натпревари. Подобро пласирана е екипата која има поголем број освоени бодови во Мини табелата.

б) Во случај на ист број на бодови подобро пласирана е екипата која има подобра гол разлика.

в) Доколку и гол разликата е иста подобро пласирана е онаа екипа која има постигнато повеќе голови во меѓусебните натпревари во гости.

г) Ако и по ова не е можно да се одреди редоследот на табелата, тогаш екипите го делат местото. Во колку е во прашање место на табелата кое одлучува за учество на некој од меѓународните купови, Купот на Република Македонија или пак одлучува за излегување од лигата, Комисијата за спроведување на натпревари закажува одигрување на еден бараж натпревар на неутрален терен ако се две екипи. Во колку се одлучува за 3 или повеќе екипи, местото на одигрување се одредува во согласност на екипите. Доколку екипите не постигнат согласност, местото за одигрување го одредува Комисијата за спроведување на натпревари. Трошоците околу овој натпревар екипите го сносат рамноправно, а организацијата на натпреварите, како и организацијата на навивачките групи е целосна обврска на клубовите учесници.

Член 17

По предлог на Конференцијата на клубови, а одлука на УО на РФМ, екипите кои го започнале натпреварувањето, а не го завршиле во натпреварувачката сезона, односно се откажале во текот на сезоната, го губат птавото да се натпреваруваат во било кој систем на натпреварување во траење од 1 (една) година. Од горе споменатото се изземаат екипите кои пред почетокот на натпреварувачката сезона уплатат сума од 60.000,оо ден. на сметката на РФМ, на име депозит за натпреварување. Доколку екипата ги одигра сите натпревари, односно не се откаже од натпреварувањето, уплатената сума ќе им биде вратена. Во спротивно депозитот останува на сметката на РФМ за развој на младинскиот ракомет. Одговорното лице нема право да пријави нов клуб и вршење дејност во ракометниот спорт во траење од 3 (три) години.

Доколку во текот на првенството од Супер лигата за мажи и жени и Првата лига за мажи и жени, некоја од екипите се откаже или биде исклучена од понатамошно натпреварување, таа екипа се преселува во најнизок ранг на натпреварување. Резултатите од одиграните натпревари се регулираат со Пропозициите. (Во случај да се откажат од натпреварување повеќе од една екипа, нивните места ги завземаат најдобро пласираните екипи по пласман од пониските лиги).

Член 18

Екипа се исклучува од понатамошното натпреварување ако во редовните кола од неоправдани причини не одигра два натпревари, еден натпревар во последните три кола од редовното натпреварување, или еден play off натпревар (до колку е предвиден во пропозициите за натпреварување од тековната натпреварувачка сезона).

Ако една екипа од било кои причини се откаже или е исклучена од понатамошно натпреварување нејзините резултати постигнати во натпреварувањето се:

- Бришат ако екипата одиграла помалку од 51% од натпреварите.
- Регистрираат со службен резултат од 10:0 (-1 бод) по натпревар за противникот доколку одиграла повеќе од 51%.
- Екипа која се откаже или е исклучена од понатамошно натпреварување, во следната сезона натпреварувањето ќе го продолжи во најнизок степен на натпреварување согласно Пропозициите за натпреварување и Дисциплинскиот правилник на РФМ.

Член 19

На натпреварите за Куп на Македонија во случај да екипите играат нерешено, натпреварот продолжува со изведување на седмерци согласно ИХФ правилата за ракометна игра и ЕХФ пропозициите за куп натпревари. (согласно правилото за изведување на седмерци).

Член 20

Во зависност од пласманот на екипите од националното првенство, се одредуваат претставниците на Република Македонија во Европските натпреварувања.

а) Во Купот на Европските шампиони во машка и женска конкуренција настапуваат првопласираните екипи.

б) Во Купот на ЕХФ настапуваат второпласираните екипи.

в) Во Челенџ Купот настапуваат 3-то и 4-то пласираните екипи.

г) Во случај да победникот или финалистот на Купот на Република Македонија биде меѓу првите четири пласирани екипи, тогаш се праместува редоследот за настап во Европските купови соодветно на добиениот пласман. Во тој случај 5-то пласираната екипа од редовното натпреварување завзема место во Челенџ купот.

д) Во останатите лиги кои се играат со одобрение на националните федерации, согласно актите на тие лиги.

**3. Календар за натпреварувањата**

Член 21

Со календарот на натпреварување се утврдуваат термините за одигрување на натпреварите од постојното натпреварување и другите официјални и турнирски натпревари.

Предлог календарот од страна на Комисијата за спроведување на натпревари, се донесува посебно за секоја натпреварувачка година најдоцна до 15 Август.

Календарот го усвојува Управниот одбор по предлог на Комисија за спроведување на натревари на РФМ, Конференцијата на ракометни клубови и селекторите на националните селекции.

Член 22

Ако клубот дава еден или повеќе репрезентативци заради играње натпревари предвидени со календарот од член 21 од овој Правилник, тогаш по негово барање комисијата мора да го одложи натпреварот и истиот го закаже согласно Пропозициите за натпреварување.

Член 23

Клубот кој се натпреварува во ЕХФ натпреварувањето, на барање на тој клуб, комисијата за натпреварување која го води натпреварувањето, без согласност на другиот клуб го одлага натпреварот кој се игра во терминот утврден од страна на ЕХФ и утврдува нов термин на одигрување. По барање на Координаторот за машка или женска репрезентација при добиена покана за учество на меѓународен турнир или натпревар, комисијата има право без консултации да одложи поедини натпревари или цело коло во интерес на селекциите на Македонија.

## IV. УЧЕСНИЦИ ВО НАТПРЕВАРУВАЊАТА

**1. Возрасни категории**

Член 24

Во одредени степени и видови натпреварување ракометарите и ракометарките учествуваат во зависност од тоа колку години имаат:

Спрема старосната возраст, ракометари и ракометарки согласно натпреварувањето во ЕХФ квалификациите за сезона 2010/2011 се сврстени во следните категории:

- Пионери и пионерки родени 1996 и помлади
- Кадети 1992 и кадетки родени 1994 год и помлади
- Младинци 1991 и младинки 1992 год. и помлади

Напомена: Во секоја наредна натпреварувачка сезона старосната граница се поместува за една година и се регулира со Пропозиции. Во случај на поместување на старосната граница за ЕП или СП истото ќе се применува во Пропозициите на РФМ за секоја натпреварувачка сезона).

**2. Ракометари-ки**

Член 25

Ракометарите и ракометарките стекнуваат право на играње-настап за екипата согласно одредбите на Регистрациониот Правилник на РФМ.

Член 26

Ракометарите-ките подлежат на задолжителен лекарски преглед на секои шест месеци. Играчите родени 1995/96 година за настап во Сениорска конкуренција подлежат на специјалистички лекарски преглед во Спортска медицина и одобрение за настап во Сениорска конкуренција врз основа на нормите на спортската медицина.

Лиценца на ракометар - ка не се издава без извршен лекарски преглед од Спортска медицина или Институт за физиологира, а во градовите каде нема специјалист по спортска медицина, може да се издаде лиценца со лекарски преглед извршен од лекар специјалист по општа пракса или лекар специјалист интернист.

## V. ПРАВИЛА И ПРОПОЗИЦИИ ЗА НАТПРЕВАРУВАЊАТА

### 1. Правила на играта

Член 27

Сите натпревари се играат по правилата на Меѓународната Ракометна Федерација (ИХФ).

Член 28

За помладите категории со пропозиции се регулира времетраењето на играта.

### 2. Пропозиции на натпреварувањата

Член 29

За сите видови натпреварувања задолжително е да има посебни пропозиции за секоја лига, кои треба да се во согласност со Правилникот за ракометни натпреварувања.

Со Пропозициите се утврдуваат посебните услови за натпреварување како и другите прашања што се од важност за спроведување на натпреварувањето.

Член 30

За сите првенствени натпревари Пропозициите ги предлага Комисијата за спроведување на натпревари по предлог на Конференцијата на ракометни клубови од соодветната лига, а ги верификува Управниот одбор на РФМ.

## VI. ОРГАНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА НАТПРЕВАРУВАЊАТА

### 1. Комисија за спроведување на натпревари

Член 31

Редовните првенствени натпревари во Супер машка и женска ракометна лига, Прва машка и женска ракометна лига, Втора машка и женска ракометна лига, Младинската, Кадетската и Пионерската машка и женска ракометна лига, ги спроведува Комисија за спроведување на натпревари во понатамошен текст Комисија.

Член 32

Комисијата ги има следните права и должности:

1. Непосредно раководење со натпреварувањето и издава лиценце со право на настап
2. Ги регистрира натпреварите
3. Одлучува во прв степен по жалбите за одредени натпревари
4. Иницира, покренува и води дисциплинска постапка и изрекува казни во прв степен
5. Делегира или жребува судии и делегати-контролори за натпреварите
6. Издава службен билтен
7. Преотстапува донесување на одлуки во надлежност на органите и телата на РФМ
8. Врши верификација на терените на кои се играат натпреварите

Член 33

Административните и техничките работи на Комисијата се вршат во канцеларијата на РФМ.

Член 34

Службениот билтен на Комисијата е официјално средство за информирање и објавување на одлуките и заклучоците.

Службениот билтен се доставува до сите учесници во натпреварувањето по пат на електронска пошта, а за оние на кого се однесуваат некои одлуки им се испраќа и со препорачана пратка.

**2. Натпреварувачка - второстепена комисија**

Член 35

Оваа Комисија е составена од 5 члена, а работи и донесува одлуки со 3 члена. Оваа Комисија одлучува во втор степен по жалби на одредени натпревари.

Одлучува во втор степен по жалби на изречените дисциплински мерки на играчи, клубови и други службени лица на натпревари.

Одлуката на натпреварувачката-второстепена комисија е конечна.

Натпреварувачката комисија (второстепена) должна е да донесе одлука во рок од 8 до 30 дена од добивањето на барањето - жалбата заведена во архивата на Стручната служба на РФМ со уплата на предвидена такса за клубот, играчите, службените лица согласно другите акти (пропозиции или правилници). Без извршена уплата жалбата не се предава на разгледување.

На конечната одлука на Натпреварувачката комисија, клубовите, играчите и сите службени лица имаат право во рок од 8 дена по добивањето на конечната одлука од второстепената комисија да поднесат барање до Управниот одбор на РФМ преку Претседателот на РФМ за Заштита на законитост. Во колку не е поднесена и разгледана жалба во втор степен, барање за заштита на законитост до УО на РФМ не се разгледува, се одбива по автоматизам.

Надлежниот орган или овластена Комисија од страна на Претседателот на УО должна е да се произнесе по добиеното барање за Заштита на законитост во рок од 30 дена од денот на поднесеното барање.

**3. Ракометни судии и делегати- контролори**

Член 36

Листите и бројот на судиите и делегати-контролори за сите степени на натпреварувањето ги верификува Управниот одбор на РФМ на предлог од Комисија за стручни прашања на РФМ.

При утврдување на листите треба да се даде образложение за менливоста на листите во смисла на испаѓање од листата и начин на пополнување на листите, односно најслабо пласираните парови на судии и делегати-контролори да бидат заменети со најдобро пласираните судии и делегати-контролори од пониските листи, врз основа на однапред утврдени критериуми, а сето тоа во зависност од квалитетот на судењето и контролите добиени во текот на натпреварувачката сезона и од квалитетот на извршените контроли за контролорите, во согласност и координација со Комисијата за Стручни прашања при РФМ ( составена од 4 контролори + 1 судија).

Член 37

Еден судиски пар може да суди, а еден делегат-контролор може да контролира најмногу во два степени од натпреварувањето во Република Македонија, а по потреба и во трет степен по барање на Комисијата за спроведување на натпревари при УО на РФМ.

Член 38

УО на ЗРСМ и УО на ЗРКМ со свои акти и одлуки ги утврдуваат критериумите, начинот и постапката за одредување на судиски парови за редовните лигашки и куп натпреварувања, како и критериумите за избирање на делегат - контролор. УО на ЗРСМ и УО на ЗРКМ доставува предлог листи за судење и тоа:

- за ИХФ судии согласно барањето од ИХФ,
- за ЕХФ судии согласно барањето на ЕХФ,
- предлог - листа за натпреварување во националното првенство

Делегатот - контролор врши надзор над правилното спроведување на организацијата на натпреварот во согласност со Правилникот за натпреварување и Пропозициите, а воедно врши контролирање и оценување на судиите во однос на правилната интерпретацијата на Правилата на ракометната игра и за судењето дава оценки.

Член 39

На натпреварите се врши оценување на судењето на судиите во поглед на примена на правилата на ракометна игра, а оценката е едно од мерилата од критериумите за утврдување на ранг листите на судиите. Контролата се доставува најдоцна во рок од 48 часа по одиграниот натпревар до Комисијата ја објавува оценката во службениот билтен и дневниот печат.

Оценката на судиите во смисла на претходниот став ја вршат делегатите - контролори чија листа и број ја предлага ЗРКМ и Комисијата за стручни прашања во зависност од критериумите од член 36 и 37 од овој Правилник.

Комисијата за Стручни прашања на РФМ дава мислење за предлогот на судии од УО на ЗРСМ и предлогот на УО на ЗРКМ за делегати-контролори за сите натпреварувања во организација на РФМ, ЕХФ И ИХФ до Управниот одбор на РФМ кој донесува конечна одлука по листите.

**4. Комисија за следење на регуларноста на натпреварите**

Член 40

За поедини натпревари по оценка на Претседателот на РФМ, потпретседателите или Генералниот секретар, како и по оценка на Комисијата за спроведување на натпреварите се одредува делегат - наблудувач кој нема да биде познат за двете екипи, судиите и делегатот - контролор на натпреварот, согласно член 24 од Пропозициите за натпреварување.

Член 41

Наблудувачот е должен да достави извештај во писмена форма во рок од 24 часа до Комисијата за спроведување на натпревари.

Член 42

На листата на наблудувачи можат да бидат активни и докажани спортски ракометни работници под услов:

- да биде заслужен за развој и унапредување на ракометниот спорт
- да има квалитет за вршење на функцијата делегат - наблудувач
- да е физички и душевно здрав за вршење на функцијата Делегат – наблудувач
- да не е постар од 68 години.
- да положи посебен стручен испит во вид на лиценца.

**5.Комисија за спроведување на натпреварите од други форми ( турнирски и зонски систем).**

Член 43

Комисијата за спроведување на турнирски и зонски натпреварувања ја назначува Управниот одбор на РФМ на почетокот на календарската година.

Член 44

За натпреварувањето во младински, кадетски и пионерски првенства и други натпреварувања судиите и делегати - контролори ги одредува Комисијата за спроведување на натпревари.

## <u>VII. ОРГАНИЗАЦИЈА И ОДИГРУВАЊЕ НА НАТПРЕВАРИТЕ</u>

**1. Организација на натпревар**

Член 45

Организацијата на натпреварот ја спроведува организаторот, или домашната екипа во согласност со одредбите од Правилникот и Пропозициите за натпреварување.

Организаторот на натпреварот е должен да ги обезбеди сите потребни услови за одигрување на натпреварот согласно Законот за безбедност, Законот за насилство во спортот, Законот за спорт и Пропозициите на натпреварување.

**2. Траен и привремен прекин на натпреварот**

Член 46

Натпреварот привремено ќе биде прекинат:

1. Ако осветлувањето не одговара на прописите;

2. Заради студ или неподнослива топлина или ако теренот во текот на натпреварот стане неспособен за игра до таа мерка да е не возможно да се контролира топката;

3. Во случај на фрлање предмети на теренот, спречување да се игра од страна на гледачите или заради слаба организација на натпреварот;

Во случаите под точките 1 и 2 од претходниот став натпреварот ако е возможно ќе се продолжи истиот ден, во спротивно натпреварот ќе продолжи наредниот ден.

Во случај на прекин на играта од причините наведени во став 1 точка 3 од овој член судиите и делегатот ќе побараат од организаторот:

1. да ги отстрани недостатоците во организацијата на натпреварот;
2. да се воведе ред на игралиштето;
3. да се испразни гледалиштето или дел од него;
4. да бара зголемување на бројот на лица задолжени за безбедност;

Ако и по превземените мерки од претходниот став не може да се постигне ред на игралиштето судиите трајно ќе го прекинат натпреварот.

Член 47

Натпреварот задолжително трајно се прекинува:

1. во случај на физички напад врз едниот или двајцата судии од страна на играчите, службените лица, гледачите и др.
2. физички напад врз делегатот - контролор од горе споменатите лица
3. физички напад од страна на гледачите врз играчи или службени лица
4. во гореспоменатите случаи, натпреварот се регистрира со службен резултат 10 : 0, и се одзема -1 бод ( минус еден ) од бодовното салдо од екипата виновник за прекинот.

Член 48

Комисијата врз основа на записникот и изјавите на службените лица натпреварот ќе го регистрира со службен резултат 10 : 0 во корист на противничката екипа:

**1.** ако екипата не одигра натпревар, а нема оправдани причини;

2. ако теренот не бил способен за игра по вина на организаторот;

3. ако екипата одбие натпреварот да го водат делегираните судии или судии од ист степен или повисок, одредени од делегатот - контролор како замена за делегираните судии кои од разни причини не допатувале;

**4.** ако екипата го напушти теренот или одбие да го продолжи натпреварот во рок од 3 ( три ) минути;

**5.** ако дојде до траен прекин на натпреварот поради вина на клубот;

6. ако за екипата настапил играч кој немал лекарски преглед;

7. ако за екипата настапил играч кој истиот ден веќе настапил на друг натпревар во организација на РФМ со исклучок во младинските лиги;

8. ако за екипата настапил играч кој не е пререгистриран за тековната година;

9. ако за екипата настапил играч без лиценца за тековната сезона;

10. ако екипата настапила, а не платила котизација на РФМ;

11. во случаите наведени во точка **1,4 и 5 се одзема -1(минус еден) бод од освоените бодови на екипата.**

Член 49

Во случај на траен прекин на играта, натпреварот се регистрира со службен резултат ако се утврди дека за прекин на натпреварот вина сноси една од екипите учеснички, исклучиво или во поголем дел.

Ако се утврди дека за прекинот од претходниот став не сноси вина ниту една од екипите учеснички, односно вината ја сносат подеднакво и дека организаторот ги превзел сите мерки и обезбедување согласно Законите, Комисијата ќе донесе одлука да се игра нов натпревар.

Доколку се констатира дека на натпреварот е направена материјална повреда на правилата на ракометната игра, а материјалната повреда одлучува за регуларноста на натпреварот, за која ситуација цени Комисијата, натпреварот се поништува и се игра нов натпревар.

Материјалната повреда на Правилата за ракометната игра постои ако судиите не примениле или погрешно примениле некоја одредба или сегмент од Правилата за ракометната игра која, или кој директно влијаел-а на конечниот резултат на натпреварот, а таа одлука не се заснова на слободното судиско убедување (одлучува Комисијата во консултации со Комисијата за стручни прашања на РФМ).

**ПОНИШТУВАЊЕ НА НАТПРЕВАР ПО СЛУЖБЕНА ДОЛЖНОСТ**

- По службена должност ќе се поништи натпреварот и повторно ќе се одигра ако се утврди дека судиите од аморални побуди влијаеле директно на конечниот резултат на натпреварот чие судење не е дозволено;
- До поништување на натпреварот може да дојде само врз основа на правосилна одлука на надлежниот дисциплински орган, доказ од МВР или надлежниот суд за делото примање мито, или врз основа на правосилно решение на надлежен дисциплински орган за истото или други аморални дела предвидени со општите акти на РФМ;
- Поништување на натпревар по горе наведениот основ може да се изврши до завршувањето на натпреварувачката сезона или 8 ( осум) дена по завршување на лигата ако се одлучува за натпревар од последното коло.

**3. Жалба на натпревар**

Член 50

На одигран натпревар може да се најави жалба. Жалба на натпревар може да поднесат екипите учеснички и екипа која е оштетена. Под оштетена екипа во смисла на претходниот став се смета секоја екипа која е резултатски оштетена на натпреварот на кој вложува жалба.

Член 51

Жалба може да се поднесе:

1. ако екипата настапила со нерегистриран играч;
2. ако екипата настапила со играч кој за тој натпревар немал право на настап заради суспензија или казна;
3. ако за екипата настапил играч под лажно име;
4. ако за екипата настапил играч за кого со конечна одлука е утврдено дека е неправилно регистриран или лиценциран;
5. ако екипата настапила со играч кој не е внесен во записникот;
6. ако натпреварот е одигран на терен кој не е верификуван од страна на Комисијата;
7. ако играч настапи без лекарски преглед;
8. ако играчот настапил,а не е пререгистриран за тековната година;
9. ако екипа настапува на првенствен или куп натпревар, а не ја платила котизацијата или не депонирала средства како гаранција;

Во сите овие случаи од точките 1, 2, 3, 4, 5, 7, 8 и 9 од претходниот став натпреварот се регистрира со службен резултат 10:0. Исклучок на одредбите на претходниот став има во случајот од став 1 точка 6 од овој член, комисијата и друг надлежен орган може да донесе одлука за поништување на натпреварот и да се игра нов, или да се регистрира со постигнат резултат за што цени комисијата.

Ако жалбата ја поднела екипа која е оштетена од резултатот на натпреварот помеѓу другите две екипи одредбата за регистрирање на натпреварот со службен резултат се однесува на оштетената екипа која го играла тој натпревар.

Член 52

Жалба заради причините од член 51 став 1 точка 1 - 9, се најавува пред почеток на натпреварот и се констатира во записникот. Во спротивно истата не се разгледува.

Заради причините наведени во член 48 точка 6, 7, 8, 9 и 10 од овој Правилник жалба се најавува пред натпреварот, а образложува во записникот во рок од 30 минути по завршување на натпреварот. Уплатата се регулира со Пропозиции.

Ако за натпреварот помеѓу другите две екипи се жали трета екипа, жалбата се доставува лично преку архива на РФМ или се испраќа со препорачана пратка во рок од 48 часа од денот на одигрувањето на натпреварот, а доколку рокот истекува во недела или празничен ден (неработен ден), рокот на најавување на жалбата истекува првиот нареден работен ден со уплата на паричен надомест и писмено образложение.

Член 53

Со жалбата се уплатува и такса на жалбата во рок од 48 часа, која е пропишана со Пропозициите на натпреварувањето, од клубот, играчите и сите службени лица.

Жалбата најавена во записникот може ако е тоа потребно и посебно да се образложи така што ваквото образложение се доставува лично преку архива на РФМ или се испраќа со препорачана пошта во рок од 48 часа од денот на најавувањето на жалбата.

**4. Постапка по жалбата**

Член 54

Комисијата како надлежен првостепен орган должен е да реши по жалбата во рок од 15 дена (во колку е упатена до неа). Во спротивно не се разгледува.

Првостепениот орган жалбата ја одбива ако утврди дека е ненавремена или доколку на жалбата не е уплатена такса.

Член 55

**Одлуката на Првостепениот орган - Комисијата во врска со жалбата се објавува во службениот билтен на интернет страната на РФМ** со тоа што таа содржи:

а). кратки наводи од жалбата;

б). одлуките по жалбата;

в). основ за решавање на жалбата;

г). правна поука.

Таксата уплатена по основ на жалба се враќа на жалителот, во колку истата биде усвоена, освен такса по жалба до Арбитражна комисија.

Член 56

Против одлуката на првостепениот орган може да се поднесе жалба во рок од осум (8) дена од денот на приемот, преку првостепениот орган до второстепениот орган.

Со Пропозициите на натпреварувањето и одлука на надлежниот орган се одреди такса при поднесување на жалбата до второстепениот орган, од страна на клубовите, играчите или службените лица.

Второстепениот орган е должен да одлучи по жалбата во рок од осум (8) до триесет (30) дена по приемот на истата.

Член 57

**Расправајќи по жалбата второстепениот орган може:**

1. жалбата да ја одбие и да ја потврди одлуката на првостепениот орган;
2. да ја уважи жалбата и да ја укине првостепената одлука и предметот да го врати на првостепениот орган на повторно одлучување;
3. да ја уважи жалбата и да ја преиначи првостепената одлука.

Второстепениот орган во сите случаи ја одбива жалбата ако на жалбата не е уплатена такса на име трошоци за жалбата или ако жалбата е неблаговремено поднесена.

Одлуката на второстепениот орган се доставува како посебна пратка.

Таксата уплатена по основ на жалба се враќа на жалителот, во колку истата биде усвоена освен таксата за жалба до Арбитражна комисија.

Член 58

Одлуката на второстепениот орган е конечна.

**5.Барање на заштита на законитоста**

Член 59

Против конечната одлука на второстепениот орган може да се покрене барање за заштита на законитоста, во рок од петнаесет (15) дена од денот на објавувањето на интернет страната на РФМ за конечната одлука.

Член 60

Барање на заштита на законитоста може да се поднесе:

1. Ако првостепениот или второстепениот орган бил непрописно составен или ако при донесувањето на одлуките учествувал и член кој немал право на одлучување.
2. Заради погрешна примена на материјалните одредби од Правилникот или другите акти на РФМ.

Член 61

Барањето на заштита на законитоста може да го поднесе Претседателот на Управниот одбор до членовите на УО на РФМ по предлог на жалителот, а се однесува за натпреварувањето кое е во нивна надлежност, само по одлука на второстепениот орган.

Член 62

За барањето на заштита на законитоста кое го покренува Претседателот на Управниот одбор одлучува Управниот одбор на РФМ.

Член 63

Доколку овластена комисија од страна на Претседателот или Потпретседателот на УО на РФМ увиди дека нема основ за покренување на барање за заштита на законитоста, го известува Управниот одбор, а ако одлучи да поднесе барање за заштита на законитоста го поставува на одлучување во рок од 30 дена.

Управниот одбор барањето за заштита на законитоста може да го одбие како неосновано, а може да го уважи во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката на Претседателот на РФМ.

Доколку Управниот одбор смета дека барањето е основано, може да одлучува по него, а може и предметот да го врати на првостепениот или второстепениот орган на повторно одлучување.

## VIII. ОТСТАПУВАЊЕ ОД НАТПРЕВАРУВАЊЕТО И СПОЈУВАЊЕ НА КЛУБОВИ

Член 64

Во случај екипата да се расформира, спои со друг клуб или го напушти натпреварувањето (престане да се натпреварува) се брише од тоа натпреварување.

Расформираниот клуб мора да достави одлука дека е расформиран или копија од барањето поднесено до Основниот суд за бришење од регистарот на Здруженија на граѓани. Од тој момент договорните обврски меѓу клубот и играчот престануваат и играчите се слободни и имаат право на настап за друга екипа веднаш, бидејќи играчите имаат третман како да се регистрираат првпат.

Истото неможе да се спроведе за последните 4 кола односно целиот Плеј- оф или Плеј- аут циклус.

За екипа која се однесува како претходниот став од овој член во колку бара од наредната или друга сезона повторно да се натпреварува, тогаш натпреварувањето го започнува од најнискиот ранг на натпреварување со уредно доставено барање со Судска регистрација и Решение за вршење дејност спорт од надлежен орган.

Ако екипата одиграла помалку од 51% од натпреварите сите дотогашни резултати се бришат, а во колку одиграла повеќе од 50% од натпреварите, сите престојни натпревари се регистрираат со службен резултат од 10 : 0 во корист на противничката екипа.

## IX.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 65

Овој Правилник непосредно се применува на сите натпреварувања на територијата на Република Македонија.

Член 66

Автентично толкување на овој Правилник дава Собранието, а Упатства за примената на овој Правилник дава Управниот одбор на Ракометната федерација на Македонија.

Член 67

Со стапувањето на сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за ракометни натпреварувања донесени на 21. 06. 2004 год.

Член 68

Овој Правилник стапува на сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од натпреварувачката 2010 / 2011 година.

**Ракометна федерација на Македонија**
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Михајло Михајловски с.р.